секоја група добива текст и тоа се изложува пред одделението. Во почетокот учениците беа склони само да го прераскажуваат текстот, но со време се учеа да извлечат заклучоци, кои се запишуваат на таблата, а потоа сите ученици истите ги внесуваат во своите тетратки. Но, и тука се јавува слабост во тоа што групно се изложува и не се усвојува доволно материјата, а додека учениците сите се активирани.

На крајот, би сакала уште еднаш да подвлечам дека никаква форма или метода не треба да форсираме. Треба да настојуваме секогаш да се применува онаа форма и метода со која ќе обезбедиме најдобар воспитен и образователен успех.

М. Тодоровска

# СОЗДАВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА

— Методска единица —

Образовна цел: Учениците да се запознаат со борбата на македонскиот народ за национално ослободување која кон крајот на XIX век од стихијна и неповрзана прераснува во организирана и масовна. Истовремено, да се запознаат и со тоа дека во борбата учествуваа сите слоеви од народот, но водач на оваа револуционерна борба станува нашата млада интелигенција која веќе била задоена со револуционерни идеи. Еден од најистакнатите водачи на Организацијата станува Гоце Делчев. Тој најмногу допринел за ширењето мрежата на Организацијата, нејзиното вооружување и бојната готовност. Истовремено, учесниците да се запознаат и со ширењето на првите социјалистички идеи од страна на Васил Главинов во Велес и други места во Македонија.

Воспитна цел: Да се создаде чувство кај учениците за почит кон нашите револуционери и кон нивната несебична борба за национално ослободување на својот народ. Да се воспитуваат во тој дух како би се развило и кај нив патриотското чувство за чување на веќе стекнатата слобода, за да не дозволат било кој да ја загрози нашата слобода. Истовремено, да се предизвика омраза кон оние буржоазии кои сакале Македонија да ја заграбат и потчинат. Посебно да се развие љубов кон најреволуционерниот елемент — македонските социјалисти кои се истакнуваат како непомирливи борци за самостоен развиток на националноослободителното движење на македонскиот народ и ослободување на угнетената работничка класа.

Методи: Развојна, демонстративна и текст метода.

Нагледни средства: Дијафилмот: Создавање на ВМРО, слики од албумот: Возрожденци и револуцеонери и од историјата за VII одделение од Ристо Динев, Ѓорѓи Димовски, Јован Кочанковска и Ѓорѓи Танковски.

Литература: Историја за VII одделение, Историска читанка за VII одделение; „Патот кон слободата“ од Чубелиќ, „Илинденски зборник и др.“

Објаснети зборови: Централисти-припадници на Централниот комитет на ВМРО, кои се борат за извојување слобода и самостојност на македонскиот народ; Врховисти — припадници на Врховниот комитет кои се бореле против самостојниот карактер на национално-револуционерната борба на македонскиот народ; шифрирана азбука — тајна азбука на Организацијата; печалбари — луѓе кои оделе во други земји надвор од својата татковина за да најдат работа и средства за живот.

План на методската единка:

1. Создавање на Внатрешната македонска револуционерна организација.
2. Строежот на Организацијата
3. Работата на Гоце Делчев
4. Борбата против врховизмот и
5. Ширење на социјалистичките идеи.

За поголема прегледност на предавањето како и за повторувањето на методската единица таблата ја делам на два дела. Од левата, поголема страна, го пишувам планот на методската единка, а од десната помала страна, ги пишувам непознатите зборови, поважните дати, имиња и сл.

## Организација на часот

УВОД. — Како појдовна точка на новата методска содржина го земам поминатиот материјал за Македонија, при што ги поставувам следните прашања: Каков белег носи борбата на македонскиот народ од средината на XIX век? Одг.: Во 60-те и 70-те години на XIX век се води борба за самостојна црква, за училишта на мајчин јазик, потем преку пишување учебници на македонски јазик и др. Што е причината да се влоши положбата кај македонскиот народ? Одг.: Турција не могла да ги подмири сите трошоци за модернизација на државата со заемите што ги добивала од странство во 70-те години на XIX век, затоа, барала други извори. Од таа причина на народот во Македонија му биле наметнати нови даноци и такси и му се зголемиле старите давачки. Прашање: Влошените услови за живеење какви последици предизвикаа кај народот? Одг.: Сé ова доведе до раздвижување на селските маси и востанички движења како што е востанието во Разловци и Кресна. П.: Каква улога играле пропагандите на околните веќе ослободени држави — Грција, Бугарија и Србија? Одг.: Тие го расцепувале македонскиот народ на повеќе делови со што се закануваla опасност за натамошниот развиток и националниот опстанок на македонскиот народ. Воедно ја цепкале и борбата на македонскиот народ за неговото национално ослободување.

Откако ги добивам овие одговори им соопштувам на учениците дека на овој час ќе се запознаеме со организираната борба на македонскиот народ и на таблата го запишувам насловот на методската единка: СОЗДАВАЊЕ НА ВНАТРЕШНАТА МАКЕДОНСКА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА.

**Тек на часот** — со запишување на методската единка ми се дава можност да започнам со изнесување на новиот материјал.

**1. Создавање на Внатрешната македонска револуционерна организација.** — Покажувајќи им ја првата слика од дијафилмот на која се претставени Ѓорче Петров, Даме Груев и Иван Хаџи Николов им објаснувам дека кон крајот на XIX век се веќе создадени услови за организирана борба на македонскиот народ за национално ослободување со што таа од стихијна прераснува во организирана и масова. Дел од македонската буржоазија се поврза со буржоазиите на соседните балкански држави, со што ги изневерила интересите на својот народ. Затоа таа понатаму не могла да ја задржи раководната улога во бробата. Сега раководната улога ја зема ситната буржоазија, а во прв ред интелигенцијата која е задоаена со револуционерни идеи.

Токму претставници на младата интелигенција, во ноември 1893 год. во солунската Гимназија се состануваат и таа група од шестмина ги постава темелите на Тајната македонска револуционерна организација позната под името ВМРО. Во текот на излагањето ја покажувам втората и третата слика на која се претставени општ изглед на Солун и Гимназијата во Солун.

Ја истакнувам четвртата слика на која се претставени основачите на ВМРО и тоа: Даме Груев — учител, Христо Татарчев — лекар, Петре Поп Арсов — професор, Антон Димитров — учител, Христо Батанџиев — учител и Иван Николов — учител. За претседател бил избран д-р Христо Татарчев, а за секретар и благајник Даме Груев. Сега им читам на учениците делови од четивото „Создавање на ВМРО" од историската читанка за VII одделение. Изнесувам дека по своето формирање Организацијата почнала да ја шири својата мрежа прво во градовите, а преку напредните учители и низ селата во цела Македонија. Селаните експлоатирани и обесправени од турската власт ја прифатиле Организацијата и станале нејзина масовна основна сила. Сега им ја покажувам седмата слика од дијафилмот на која е претставено евангелие, пиштол и кама — предмети пред кои секој човек кој сакал да стане член на Организацијата, заради поголема конспиративност и сигурност бил должен да даде клетва. Им објаснувам дека на 8-та слика се гледа начинот на давање заклетва.

**2. Строежот на Организацијата** — на учениците им изнесувам дека највисокиот орган на ВМРО бил конгресот. На неговите состаноци се избирал централен комитет, чие седиште се наоѓало во Солун. Централниот комитет раководел со Организацијата од еден до друг конгрес. Територијално Организацијата во цела Македонија била разделена на седум револуционерни окрузи. Окрузите се делеле на околии и општини. Како воена сила на Организацијата биле вооружените чети, кои дејствувале по околиите. Организацијата на четите му била доверена, образложувам понатаму, на Гоце Делчев, бидејќи тој имал потемелни војнички познавања стекнати во военото училиште во Софија. Покажувајќи им ја сликата — факсимил од правилникот на Организацијата, им објаснувам дека тој им служел како патоказ во нивната работа. Во Организацијата постоеле и револуционерни синови кои ги решавале споровите на населението. Им ја покажувам

сликата каде е претставен еден суд на ВМРО. Овие судови не само што станале блиски на народот кој се́ повеќе идел и ја барал нивната праведна одлука која била бесплатна и брза, туку ги земале на одговорност и членовите на ВМРО. На сликата токму е претставено судење на еден македонски војвода, кој извршил прекршок пред Организацијата.

ВМРО печател и свои весници како на пример: „На оружје“, „Бунтовник“ и др. Имала исто така и своја тајна пошта, шифра, курири и своја администрација. Им ја покажувам сликата на која е претставена шифровата азбука со која се служела Организацијата. Преку своите претставници што ги имала во Атина, Цариград и Софија, Организацијата одржувала врски со надворешниот свет.

**3. Работата на Гоце Делчев.** — Со учениците читам поголем дел од четивото „За работата на Гоце Делчев“ од Димитар Влахов.. По ова го започнувам разговорот со учениците од кој имам за цел да го претставам ликот на македонскиот борец Гоце Делчев. Во разговорот со учениците извлекувам дека тој е роден во Кукуш, гимназија учел во Солун, а воено училиште во Софија. Како ученик во Солун се јавува организатор на кружоците што имале задача младината политички да ја издигнуваат. Друг ученик изнесува дека Гоце Делчев како учител во Ново Село (Штипско) и Разлог бил еден од пропагаторите за ширење на Организацијата. Дополнувам дека тој подоцна станува и еден од главните водачи т.е. столб на Организацијата. Тој не само што придонел за ширење на Организацијата, туку многу придонел со тоа што ја снабдувал со оружје и за создавање на нејзината вооружена сила. Ја покажувам сликата од бомболеарницата во Битола; пренесување оружје; обука во планина во ракување со оружје; Турците претресуваат едно село, барајќи оружје и др. Со својата пожртвованост и секојдневна работа и со своите чесни постапки кон народот и љубовта кон слободата, Гоце Делчев стекнал голема доверба и бил многу сакан и почитуван од страна на народот. Ете зошто кога Гоце Делчев загинал за него целиот народ плачел, зашто осетиле дека загубиле навистина еден голем борец за слобода. Им читам една одломка за смртта на Гоце Делчев, а воедно ја покажувам и неговата слика.

Понатаму изнесувам дека по прашањето за ослободување на Македонија Гоце тврдо верувал дека ослободувањето на Македонија е можно преку едно општо и се́народно востание, изведено со сопствени сили. На Конгресот во 1896 година во Солун — на кој присуствувале и Гоце Делчев и Ѓорче Петров — е донесен нов Устав кој бил изработен од нив двајцата. Во него се внесени нивните идеи за самостојниот карактер на борбата на македонскиот народ за ослободување. Според новиот Устав, член на Организацијата можел да биде секој човек без разлика на вера и народност, кому му било при срце ослободувањето на Македонија од турското ропство. Со овој Устав на Организација ВМРО станала носител на борбата на македонскиот народ за неговото национално ослободување — покажувам слика — факсимил од уставот на ВМРО.

**Борбата против врховизмот.** — Борбата на македонскиот народ за самостојна Македонија не и одела во интерес на бугарската буржоазија, зашто таа на Македонија гледала како на своја земја и барала згоден момент да ја присвои за себе.

За да и́ се спротивстави на борбата и стремежите на ВМРО бугарската буржоазија и дворот во 1895 год. во Софија од продадени и однародени Македонци, го формирале т. наречениот Врховен комитет. Ја покажувам сликата од дијафилмот на која се претставени бугарскиот кнез Фердинанд и Трајко Китанчев — основачот на Врховниот комитет. Преку него, изложувам понатаму била фрлена паролата дека ослободувањето на Македонија е можно само со „помош" на Бугарија. На тој начин бугарскиот двор и бугарската буржоазија, кој уште во самиот почеток на создавањето на ВМРО предизвикала страв, настојувала да ја разбие Гоцевата ВМРО одвнатре и да ја спречи идејата за ослободување на Македонија преку внатрешно востание.

Ваквата бугарска политика остро се судрила со силите на Централниот комитет на ВМРО и Гоце Делчев. Ова судрување било познато како борба меѓу врховистите — приврзаници на Врховниот комитет и централистите — приврзаници на Централниот комитет на ВМРО.

За остварување на своите планови врховистите не избирале срдества. Бидејќи тие биле финансирани од бугарскиот двор имале огромни средства, та давале голем дел од истите и создавале вооружени чети и ги уфрлувале во Македонија. Тие убивале истакнати членови на Организацијата или ги поткажувале на турските власти, ги напаѓале македонските села и ги ограбувале турските куќи и пак се враќале во Бугарија. Врховистичките провокации имале главна цел да се привлече вниманието на европската дипломатија за македонското прашање, но од нив македонскиот народ немал никаква корист, а напротив само страдал. Предизвикувале дигање на неподготвени востанија, сакајќи да ја убијат кај македонскиот народ вербата во ослободувањето со сопствени сили. Потоа уфрлувале и свои агенти во Организацијата. Ја покажувам сликата на која е претставена врховистичката чета на генерал Иван Гончев, а истовремено и сликата на која е преставен Иван Гарванов. Не можејќи со сила да ја уништат ВМРО, врховистите решиле да се вовлечат во раководните места на Организацијата и одвнатре да ја разбијат. Во тоа и успеале. Во јануари 1901 год. кога целиот ЦК на ВМРО паднал в затвор, на чело на ВМРО застанал врховистот Иван Гарванов, учител во Солунската гимназија, инаку агент на бугарскиот двор.

Кога централистите увиделе дека врховизмот претставува голема опасност за опстанок на македонскиот народ, тие повеле борба против него. Читам еден дел од четивото за средбата на Гоце Делчев со врховистот Софрони Стојанов. Од четивото дознаваме дека нашиот народ гаел голема омраза против врховистите, а централистите употребувале сѐ за да ги сузбиваат сите форми на врховистичкото влијание во Македонија. За таа цел по предлогот на Гоце Делчев од есента 1898 год. објаснувам ВМРО пристапила кон формирање нови чети

по сите окрузи и околии со организационен карактер. Овие чети на ВМРО не само што го подготвувале народот за вооружена борба, ами и го воспитувале. Ја покажувам сликата на четата на Серскиот револуционерен округ. Им објаснувам на учениците дека овие чети го поучувале народот да не оди по турските судови ами кај судовите на четите, да не одат на ангарија, селаните да живеат по хигиенски, да ги праќаат децата на училиште, за нанесени неправди тие оделе кај странските конзули барајќи ја нивната интервенција и друго. Ја покажувам и сликата на четата на Христо Чернопеев од која се гледа како тие вршат агитација сред народот. Многу пати нашиот народ успевал да ги протера четите на врховистите кој се бореле и агитирале за дигање предвремени востанија. Во борбата против врховистичките чети од територијата на Македонија, за нивното разобличување пред народот и нивното враќање во Бугарија без оружје најмногу се прославил Јане Сандански со неговата група серчани. Ја покажувам сликата на Јане Сандански, а и неговата чета која со своите акции, Серскиот округ го направила непристапен за врховистичката пропаганда.

**Ширење на социјалистичките идеи.** — Кон крајот на XIX век од редовите на пропаднатите занаетчии и од осиромашените селани и во Македонија се појавува работничка класа. Навистина во прво време таа била малубројна. Наемните работници стапувале на работа по разните манифактурни работилници и индустриски претпријатија кои ги имало во мал број. Во тоа време започнало ширењето на социјалистичките идеи во Македонија. Заслугата за тоа им припаѓа на македонските печалбари· Читам извадоци од четивото „Програмата на македонските социјалисти“, од кое доаѓаме до заклучок дека македонските социјалисти се луѓе кои се борат за слободата на македонскиот народ со свои сопствени сили, истакнувајќи ја паролата „ослободувањето на Македонија е дело на самите Македонци“.

Дрводелскиот работник од Велес Васил Главинов заедно со други македонски печалбари во 1893 година во Софија ја формирал првата македонска работничка социјалистичка група. Оваа група си поставила задача да ги шири социјалистичките идеи во Македонија. За таа цел Васил Главинов идната година со многу социјалистичка литература дошол во Македонија и во Велес го отворил првото читалиште.

Бидејќи идеите и начинот на борбата на ВМРО била слична со таа на социјалистите, затоа, тие како група се приклучиле кон ВМРО и со својата активност и несебичност набргу се здобиле со доверба. На многу од нив им биле доверени раководни места во Органиазцијата. Такви биле: Веле Марков, Никола Карев, Никола Петров — Русински и други.

Истакнувам и тоа дека македонските осцијалисти-револуционери биле најборбениот елемент меѓу централистите, непомирливи борци против врховизмот, а за самостоен развиток на национално-ослободителното движење на македонскиот народ и неговото ослобдување.

Заради својот правилен став многу од нив паднале како жртва на врховизмот.

Како заклучок изведувам дека во крајот на XIX век македонскиот народ се подготвува организирано и преку вооружена борба се обидува да се ослободи од вековното турско ропство. Во редот на револуционерните сили се вклучуваат и социјалистите; иако малубројни тие имаат знатна улога во правилниот тек на националноослободителтната борба. Меѓутоа, и овој пат македонскиот народ не беше оставен непречено да се организира и извојува своја слобода, туку врховистите — како орудија на соседните буржоазии — ги впрегнаа сите свои сили да ги искористат стремежите на македонскиот народ за слобода за своја сметка.

Со ова ја завршувам методската единка, укажувајќи им дека врховистите — откако ќе го премавнат најголемиот македонски борец, Гоце Делчев — ќе успеат да дигнат предвремено востание во Македонија. За домашна работа им давам да прочитаат моменти за Гоце Делчев од наведената литература.

**К. Делиниколов**

## ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

**— Методска единица —**

Методска единица обработена со дијафилм во I клас на Економското училиште „Борис Кидрич" во Скопје.

МЕТОДСКА ЕДИНИЦА: — Илинденското востание.

ВИД НА ЧАСОТ: комбиниран — изнесување на нов материјал и на соодветни места поврзување со претходните знаења на учениците.

НАСТАВНА МЕТОДА: комбинирана — усно изложување и водење разговор во евристичка форма врз база на демонстрираните слики од дијафилмот.

ОБРАЗОВНА И ВОСПИТНА ЦЕЛ НА ЧАСОТ: да се запознаат учениците со револуционерното минато од Илинденскиот период, со херојската борба на илинденските револуционери и да се издигне нивното патриотско чувство и чувството на саможртва за слобода, правда и рамноправност.

НАСТАВНИ СРЕДСТВА: дијапроектор за дневна светлина, дијафилм за соодветната методска единица и историска читанка.

Во нашето училиште за сега сѐ уште нема услови за отворање на кабинет по историја; затоа наставните средства што ми стојат на располагање сум принуден да ги носам во разните училници. Но училиштето има и такви наставни средства како епидијаскоп, филмска апаратура и дијапроектор за проекции во замрачена просторија од поголем формат, што не можат да се носат во секоја училница. Затоа кога треба нив да ги употребам, го користам кабинетот по предвојничка обука и техничката помош на колегата по предвојничка обука. А тоа не е секогаш можно, зашто кабинетот по предвојничка обука за време на наставата ретко кога е слободен. За сега наставата со